РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ
Бр.24-718/11
од 24.07.2024 година
Кривогаштани

Врз основа на член 62 став (10) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20), член 22 став (1) и член 50 став (1) точка 16 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и донесената Годишна програма за измена и дополнување на Годишната програма за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Кривогаштани за 2023 год., бр.08-954/3 од 13.10.2023 година, донесена од страна на Советот на општина Кривогаштани, **Градоначалникот на Општина Кривогаштани,** објавува:

# С О О П Ш Т Е Н И Е

## за организирање на јавен увид на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за фотоволтаична електрана на ГП 1.Ѓ (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), на дел од КП 493/1 КО Обршани, општина Кривогаштани

1. Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за фотоволтаична електрана на ГП 1.Ѓ (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), на дел од КП 493/1 КО Обршани, општина Кривогаштани, се однесува на дел од КП бр.493/1 КО Обршани Општина Кривогаштани.

Проектниот опфат се наоѓа на 2,2 км североисточно од село Обршани, општина Кривогаштани, на 580 м до 1 000м од река Блато.

Проектниот опфат го дефинираат следните граници:

- запад: дел западната граница на опфатот се движи по западната страна на КП 493/1 и од истата страна граничи со пристапниот полски пат, на КП 2183 КО Обршани, општина Кривогаштани;
- запад и север: дел од западната и северната граница се движи по средишниот дел од КП 493/1;
- исток: источната граница на опфатот се движи по источната страна на КП 493/1 и од истата страна граничи со пристапниот полски пат, на КП 2185, КО Обршани, општина Кривогаштани;
- југ: јужната граница граница се движи по средишниот дел од КП 493/1;

Вака дефинираниот опфат, зафаќа дел од средишниот дел на КП 493/1, КО Обршани, општина Кривогаштани и површината на иститот изнесува 9,91 ha.

2. Јавниот увид се организира со објавување на веб страната на општината www krivogastani.gov.mk, во траење од 15 дена почнувајќи од **25.07.2024 година до 08.08.2024 година**, за кое време се доставуваат евентуалните забелешки.

**Општина Кривогаштани**
**Градоначалник,**
**Николче Мискоски**